Република Северна Македонија
**Државен завод за статистика**

МАКСТАТ

Бр. 32-628/1

Дата 07.04.2025 Скопје

**Предмет:** Информација за нова веб-страница на Државниот завод за статистика

Почитувани,

Со задоволство Ве информираме дека новата веб-страница на Државниот завод за статистика, https://stat.mk/, ќе биде во функција од 07.04.2025 година.

Новата веб-страница е модернизирана и оптимизирана за сите типови уреди, со цел да им овозможи на нашите корисници и на партнерите во статистичкиот систем едноставен и брз пристап до податоци со висок квалитет.

Покрај тоа, сакаме да Ве известиме дека започнуваме процес на ребрендирање на институцијата, со ново лого и нов url. Овие промени се дел од нашите напори да ја унапредиме видливоста на Заводот и да ја подобриме комуникацијата со јавноста и со корисниците на официјалните статистички податоци.

Новата веб-страница ќе биде достапна на следниот линк: www.stat.mk. Ве молиме имајте предвид дека релевантните информации и ресурси што биле достапни на претходната веб-страница сега се пренесени и надградени на новата платформа, а дел од претходно објавените соопштенија и други документи остануваат архивирани на старата веб-страница, со цел да обезбедиме континуиран и лесен достап до информациите.

Ако имате какви било прашања или потреба од дополнителни информации, слободно контактирајте нè на телефон 02-3295-666 или на е-пошта kabinet@stat.gov.mk.

Со почит,

Директор
д-р Дејан Станков

Република Северна Македонија
Државен завод за статистика

Даме Груев 4
1000, Скопје

Тел.: 02 3295 600
www.stat.gov.mk